**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203- 186/7**

**Скопје, 25.06. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карбинци за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карбинци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Борис Гаврилов - Градоначалник на Општина Карбинци во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.03. до 17.03.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Согласно Законот за даноците на имот администрацијата на општина Карбинци не извршила усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар како и податоците од состојбата на регистарот не ги доставила до 31 декември до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.

10.1.2. Не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2008 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

Не усогласените регистри влијаат на целосноста на податоците во врска со даночните обврзници кое придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на општина Карбинци да ги изврши следните работи:
- да врши редовно усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за катастар на недвижности;
- секоја година а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.
- да врши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија

10.1.3. За утврдување на пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште за 2008 година не е применувана Методологијата за утврдување на пазарната вредност, туку пазарната вредност е утврдена врз основа на цени за земјиште кои се добиени од Управата за јавни приходи.
Поради претходно наведеното постои ризик од неточно пресметани и наплатени приход по овој основ.
Во март 2009 година Советот на Општина Карбинци има донесено Одлука за утврдување на висината на цената на земјоделското и градежното земјиште со утврдени зони по населени места.

10.1.4. Градоначалникот на Општина Карбинци нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за

обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Не назначувањето одговорен сметководител создава ризик од неоткривање на грешки во трансакциите, а со тоа и можност за неточно изготвени финансиски извештаи.

10.1.5. Општина Карбинци нема вработено внатрешен ревизор што не е во согласност со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор. За вршење на работи од областа на внатрешната ревизија нема склучено Спогодба со некоја од соседните општини, согласно одредбите од Законот за локална самоуправа.
Тоа придонесува за не спроведени законски обврски на воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија.

**Препорака:**
Градоначалникот да назначи одговорен сметководител, а Советот на општината да донесе Одлука во функција на разрешување на прашањето за поставување внатрешен ревизор користејќи законските можности.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Карбинци на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Карбинци.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за истакната фирма во Билансот на состојбата за 359 илјади денари

Скопје 18.06.2009 година | Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Карбинци**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 2,941 | 1,683 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 271 | 2,288 |
| Капитални приходи | 3.3. | 212 | 106 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 14,895 | 12,005 |
| **Вкупно приходи** | | **18,319** | **16,082** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 4,349 | 3,590 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 54 | 16 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 3,085 | 2,983 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 700 | 350 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 2 | 12 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8,190** | **6,951** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **8,600** | **3,391** |
| **Вкупно расходи** | | **16,790** | **10,342** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,529** | **5,740** |

**Буџет на Општина Карбинци**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,529 | 5,740 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1,283 | 0 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 59 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,812** | **5,799** |
| **Вкупна актива** | | **2,812** | **5,799** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 2,812 | 5,799 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2,812** | **5,799** |
| **Вкупна пасива** | | **2,812** | **5,799** |